Септември
2023

# Службен гласник на општина Пласница

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
KUZEY MAKEDONYA CUMHURIYETI - PLASNITSA BELEDIYESİ
Бр.-No. 03-451/1
27-09 2023 год.- yıl.
ПЛАСНИЦА - PLASNİTSA

## Број 8/2023 година Примерокот е бесплатен

17-11-1996

*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
*НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА*

*opstina_plasnica@yahoo.com*
*045/287-086*
*045/207-087*

СОДРЖИНА

1. Заклучок за објавување на Одлука за престанок на мандадот на член на Совет на општинаПласница........................................................................................3
2. Заклучок за објавување на Одлука за формирање на Комисја за унапредување на правата на пациентите во општина Пласница.....................................................4
3. Заклучок за објавување на Програма за изменување на програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пласница за 2023 година..................................................6

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за престанок на мандадот на член на Совет на општина Пласница**

1. Се прогласува, Одлука за престанок на мандадот на член на Совет на општина Пласница, бр.08-442/3, донесена од Советот на општина Пласница на ден 27.09.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

| | |
|---|---|
| **Број 09-450/1** | **Општина Пласница** |
| **27.09.2023 година** | **Градоначалник** |
| **Пласница** | **Алија Јаоски** |

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ " бр.5/2002 година), и член 29 од Деловникот за работа на Советот на општина Пласница (,,Службен гласник на општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019), Советот на општина Пласница на 21-та седница која се одржа на ден 27.09.2023 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**за престанок на мандадот на член на Совет на општина Пласница**

**Член 1**

*СЕ КОНСТАТИРА* престанок на функцијата советник на Советот на општина Пласница на лицето Ќерима Миртоска од с.Пласница - општина Пласница.

**Член 2**

Престанок на функцијата член на Совет на општина Пласница се констатира на 21- та седница која се одржа на ден 27.09.2023 година.

**Член 3**

Се задолжува Претседателот на Советот на општина Пласница да ја извести општинската изборна комсија на општина Пласница, за престанок на мандатот на членот на Советот.

***О б р а з л о ж е н и е:***

До Советот на општина Пласница на ден 29.08.2023 година, доставена е изјава- оставка од функцијата член на Совет на општина Пласница од страна на советникот Ќерима Миртоска, доставена заради иселување од Република Сверна Македонија во странство.

Вака поднесената оставка од горенаведеното лице беше доставена до сите советници на разгледување.

Врз основа на се погоре наведеното следува да се донеси/одлучи како што е наведено во диспозитивот на оваа одлука.

**Број 08-442/3** **Совет на општина Пласница**
**27.09.2023 година** **Претседател**
**Пласница** **Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за формирање на Комисја за унапредување на правата на пациентите во општина Пласница**

1. Се прогласува, Одлука за формирање на Комисја за унапредување на правата на пациентите во општина Пласница, бр.08-442/4, донесена од Советот на општина Пласница на ден 27.09.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-450/2** **Општина Пласница**
**27.09.2023 година** **Градоначалник**
**Пласница** **Алија Јаоски**

Врз основа на член 39, 40, 41 и 42 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на РМ" бр. 82/08, 12/09, 53/11, 150/15, „Службен весникна РСМ" бр.190/19, 122/21 година) и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 година), а согласно член член 17 и член 39 став 3 од Статутот на општина Пласница(„Сл.Гласник бр. 02/2006 и 03/2019 година), Советот на општина Пласница на 21 –та седница, одржана на ден 27.09.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за формирање на Комисја за унапредување на правата на пациентите во општина Пласница**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Комсија за унапредување на правата на пациентите во општина Пласница, целта за формирање на оваа комисија е унапредување на

правата на пациентите во општина Пласница согласно со прописите од областа на локалната самоуправа.

**Член 2**

Комисијата се состои од девет члена кои се избираат во согласност со статутот на општина Пласница.

**Член 3**

За членови на Комисија за упанредување на правата на пациентите во општина Пласница се избираат:

1. Емануела Белулоска – Лекар;
2. Серхан Михтароски – Лекар;
3. Селда Даутоска – Лекар;
4. Абдулкадар Абдуладијоски - Совет на општина Пласница;
5. Рамазан Деароски - Совет на општина Пласница;
6. Садаим Азизоски -Совет на општина Пласница;
7. Ерол Азизоски – Совет на општина Пласница;
8. Суада А. Ајдароска - пациент;
9. Санела Амитоска- пациент.

**Член 4**

Комисијата, за заштита на правата на пациентите, ги врши следниве работи:

1) унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;

1-а) унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жени жртви на насилство;

2) ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;

3) предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;

4) соработува со надлежните органи;

5) разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;

6) бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;

7) води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;

8) подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред советот на општина Пласница;

9) издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и

10) врши и други работи пропишани со овој закон. Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работа.

**Член 5**

Мандатот на членовите на комисијата изнесува две години, со право на уште еден последователен избор.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пласница.

**Број 08-442/4**
**27.09.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за изменување на програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пласница за 2023 година**

1. Се прогласува, Програма за изменување на програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пласница за 2023 година, бр.08-442/5, донесена од Советот на општина Пласница на ден 27.09.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-412/3**
**25.08.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 14 став 2 од Законот за Заштита на населението од заразни болести (Сл.весник на РМ бр.66/2004, 139/08, 99/09, 86/11, 149/14, 150/15, 37/16 и 257/20 година), член 17 од Статутот на Општина Пласница (Сл.Гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година), како и согласно Стручното мислење добиено од ЈЗУ „Центар за јавно здравје" Прилеп бр.03-21/1 од 13.01.2023 година, Советот на Општина Пласница на 21-тата седница одржана на 27.09.2023 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Во програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пласница за 2023 година, бр.08-99/9 од 27.02.2023 година, во точка **5. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА, се врши следната измена:**

**Активностите и динамиката за реализација на целите во оваа програма ќе се одвива на следниот начин:**

Дератизацијата се спроведува во два наврати и тоа:
Пролетна дератизација во месец Април и
Есенска дератизација во месец Септември.

Реализацијата на прскање ќе се спроведе во сите четири населени места на општина Пласница и тоа:

- **Адултицидна дезинсекција на територијата на општина Пласница - 150 ха,**
- **Дератизација**
- **на подземен канализационен систем на општина Пласница - 110 шахти, и**
- **Ларвицидна дезинсекција на бари и мочуришта - 2ха**

Оваа измена на програма стапува во сила веднаш со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пласница

**Број 08-442/5**
**27.09.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**